**Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски**[1]
**Проф. д-р Бобан Мисоски**[2]
**Проф. д-р Александар Љ. Спасов**[3]

# НОВИОТ КОНЦЕПТ НА ПОМИЛУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.292/.293:340.134(497.7)**

## Апстракт

Авторите на трудот се осврнуваат на новиот предлог на Законот за помилување, кој претставува значајна реформа на помилувањето во нашата држава.

Актуелниот Закон за помилување е донесен во 1993 година, изменет во 2009 и во 2016 година, а измената и дополнувањето на Законот од 2009 година се укинати со Одлука на Уставниот суд во 2016 година.

Во изминатите години, Законот за помилување беше проследен со низа контроверзии за кои сѐ уште се водат постапки пред ЕСЧП.

Во новиот предлог на Законот се предвидува суштинска измена во смисла на напуштање на аболицијата (ослободување од гонење), односно се предвидува можноста за помилување само лица осудени со правосилна судска пресуда.

Во трудот, авторите посебно ги истакнуваат предностите на ваквиот концепт, кој ја минимизира можноста за злоупотреби на институтот помилување во политички цели. Исто така, авторите критички се осврнуваат и на други аспекти што претставуваат новини во предлогот на Законот. Донесувањето на новиот Закон за помилување неминовно е поврзано со измени на Кривичниот законик на Македонија.

**Клучни зборови:** помилување, аболиција, казна, гонење, закон.

## Вовед

Помилувањето, како и амнестијата се акти на милост со кои државата се откажува од правото на казнување. Како акти на милост на суверенот, тие се познати уште од најстарите времиња наваму.

Во минатото, како резултат на многубројните злоупотреби и објаснувањето дека со помилувањето всушност се урива начелото на поделба на власта, бидејќи шефот на државата интервенира во судска работа, тоа е укинато со францускиот револуционерен

[1] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk.
[2] Редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, b.misoski@pf.ukim.edu.mk.
[3] Вонреден професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, a.spasov@pf.ukim.edu.mk.

Кривичен законик од 1791 година, но Наполеон го вратил повторно во Наполеоновиот „Code penal“ од 1810 година.[4]

Но, ниту еден поредок досега не се откажа од овие два институти, со образложение дека „милосрдието е неопходен безбедносен вентил на правдата“.[5] Според мислењето на Радбрух, „милоста претставува прифаќање на фактот дека нашиот свет не е само свет на правото (според максимата „Fiat iustitia, pereat mundus“), туку дека, покрај правото, постојат и други вредности“.[6]

Оправдувањето на амнестијата и на помилувањето може да се бара во некои посебни државни (политички) интереси заради постигнување криминално-политички цели, лични заслуги за татковината на деликвентот, разрешување ситуација на т.н. конфликт на интереси и сл.[7]

Актот на помилување секогаш мора да се потпира врз определено рационално објаснување, зашто не е инструмент на политичка моќ и самоволие, туку инструмент на правдата. Тоа значи дека помилувањето може да се користи само кога не доаѓа во колизија со системот на казнена правда и со судската независност и самостојност.

Аболицијата (ослободувањето од гонење) дадена по службена должност не зависи од волјата на помилуваниот. Таквото решение е неприфатливо, зашто може да биде дури и директно спротивно на неговиот интерес да се докажува постоењето на делото или неговата невиност во казнената постапка. Во работната група формирана од Министерството за правда за подготовка на нов Закон за помилување (во која членуваа и авторите на овој прилог) се водеа расправи во однос на ова прашање, но сепак, следејќи ги современите текови на казненото право, како и компаративните искуства од други држави, работната група се одлучи генерално да не го прифати помилувањето во вид на аболиција во новиот предлог на Законот за помилување, односно опфатот на помилувањето да биде единствено за лица осудени со правосилна судска пресуда. Во прилог на ваквиот став на мнозинството во работната група беа контроверзните случаи на помилувања во вид на аболиции, односно ослободувања од кривично гонење што беа дадени од страна на повеќе претседатели на Републиката во изминатите децении, односно од донесувањето на важечкиот Закон за помилување во 1993 година.

Имено, во чл. 11 од Законот за помилување од 1993 година беше предвидено дека „Претседателот на Републиката по исклучок може да дава помилување и без спроведување постапка за помилување пропишана со овој закон кога е тоа од интерес за Републиката, или кога посебни околности што се однесуваат на личноста и на кривичното дело укажуваат дека е тоа оправдано“.[8] Ваквата одредба, во стварноста, му овозможуваше речиси неограничено дискреционо овластување на Претседателот на Републиката, без спроведување каква било постапка, односно по свое убедување или наоѓање да цени кога „постојат посебни околности што се однесуваат на личноста и на кривичното дело“ и кога постои „оправданост“ тие „посебни околности“ да бидат основа за аболиција, односно ослободување од кривично гонење. Доказ за ова тврдење е дека во целокупниот текст на Законот не постоеше друга одредба со која се разработуваа, односно се дефинираа

[4] Марјановиќ Ѓ./Каневчев, М. „Кривично право“, општ дел, седмо, изменето и дополнето издание, Скопје 2016.
[5] Ibid.
[6] Камбовски, Владо „Казнено право – општ дел“, четврто изменето и дополнето издание, Скопје, 2011.
[7] Ibid.
[8] Закон за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93, 12/09 и 99/16).

„посебните околности“, со што ова овластување може да биде карактеризирано како целосна дискреција на Претседателот на Републиката без суштинско законско ограничување и, како такво е податно, во одредени околности, за злоупотреба особено во состојба на нарушено функционирање на правната држава.

Стварноста во изминатите три децении беше фактичка поткрепа за ставот на мнозинството членови во работната група. Имено, освен првиот и актуелниот Претседател на Републиката, вториот, третиот и четвртиот претседател го искористија ова свое дискреционо овластување во случаи што предизвикаа контроверзии и негативни реакции во јавноста.[9]

Реагирајќи на негативните реакции, Собранието во 2009 година донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за помилување[10] во кој, меѓу останатите промени, го избриша чл. 11 и со тоа ја укина можноста на Претседателот на Републиката да дава помилување без спроведување постапка за помилување, односно правото да дава аболиција го услови со спроведување постапка. Во споменатиот Закон, меѓу другото, се ограничува и правото на Претседателот да дава помилување за определени кривични дела.

Сепак, Уставниот суд во 2016 година со Одлука[11] го укина Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување од 2009 година. Притоа, во заклучокот од образложението кон својата Одлука, Уставниот суд констатира дека оспорениот Закон во целина „содржи одредби што ја повредуваат темелната вредност на уставниот поредок – поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, ја ограничуваат надлежноста на претседателот на Република Македонија за давање на помилување, го повредуваат уставното право на еднаквост на граѓаните и без да постои уставен основ, уредуваат прашања што се однесуваат на организацијата и работата на претседателот на Републиката како орган...“[12] Но, она што е особено интересно е дека во образложението, Уставниот суд освен што констатира дека со новиот чл. 10 е укинат чл. 11 од постојниот закон, не дава подетално образложение зошто конкретно оваа одредба, односно укинувањето на правото на Претседателот на Републиката да дава помилување без спроведување постапка ја смета за противуставна. За очекување е дека штом Уставниот суд го оценил Законот за изменување и дополнување целосно за противуставен, да даде детално образложение за противуставноста на секоја суштинска одредба од законот, а оваа одредба, несомнено, влегува во таа категорија.

Како последица на исклучително негативните реакции од страна на јавноста по повод повеќе одлуки на претпоследниот претседател да даде аболиција, односно ослободување од кривично гонење на 56 лица опфатени во постапки што го водеше поранешното Специјално јавно обвинителство, а со повикување на толкување дека по претходно споменатата Одлука на Уставниот суд „се вратил во правен промет укинатиот член 11“, Собранието донесе Закон за дополнување на Законот за помилување[13] во кој

---

[9] Поради употребата на овие случаи во дневно-политичките конфликти, авторите се осврнуваат на овие случаи единствено во степен што е неопходен за да се образложи нивниот негативен став кон постоењето на институтот аболиција во македонскиот правен поредок и затоа не навлегуваат во детално образложување на овие случаи што се достапни во медиумските извештаи.

[10] Закон за изменување и дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/09).

[11] Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 19/2016 од 16 март 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/16).

[12] Ibid. стр. 48–49.

[13] Закон за дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/16).

воведе нов член со наслов „11-а“, кој предвидуваше можност Претседателот на Републиката да може во рок од 30 дена од денот на донесувањето на овој закон да го поништи помилувањето дадено без претходна постапка за помилување. Претседателот да не биде должен да ја образложи одлуката од претходната одредба. Лицето за кое е донесена одлука за помилување да има право до претседателот на Републиката да поднесе барање за поништување на одлуката за негово помилување. Претседателот на Републиката да биде должен во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот 3 да ја поништи донесената одлука.

Со овој Закон, Собранието му понуди легална основа на претходниот Претседател на Републиката да ги поништи дадените помилувања, но создаде исклучително контроверзен правен преседан. Прво, Собранието навлезе во правно доктринарната сфера, додавајќи го членот 11-а на веќе укинатиот член 11 со доктринарно невтемелена претпоставка дека укинувачката Одлука на Уставниот суд го враќа во правен промет укинатиот член 11 од законодавниот орган, односно од истото Собрание, со што самото го наруши системот на поделба на власта „доделувајќи“ му квазизаконодавни овластувања на Уставниот суд. Второ, споменатиот Закон, иако тоа не е директно наведено, се однесува единствено на група случаи со што се поставува прашањето дали Собранието го нарушува принципот на владеење на правото во смисла на целта на општите норми и еднаквоста на граѓаните пред законите?

Конечно, Уставниот суд со Решение У. бр. 163/2016 од 18 ноември 2020 година[14] ја запре постапката за оценување на уставноста на Законот за дополнување на Законот за помилување со образложение дека „произлегува дека во текот на поведената постапка, Судот утврди дека оспорениот закон, поради неговиот темпорален карактер, е исцрпен во примената и повеќе не може да произведува правно дејство, што претставува процесна пречка за натамошно водење на постапката“. Интересно е дека Уставниот суд во образложението на своето Решение самиот констатира дека направил грешка во претходното Решение за поведување на постапката за оцена на уставноста У. Бр. 163/2019 од 27 ноември 2019 година, „немајќи го во вид темпоралниот карактер на оспорениот закон што се исцрпел по определениот рок за негова примена, произлегува дека поведувањето на постапката било засновано врз погрешна фактичка состојба“.[15]

Сите наведени контроверзни одлуки беа една од причините зошто група граѓани засегнати со одлуките за аболиција дадени и поништени од претходниот претседател поднесоа апликации до Европскиот суд за човекови права, сметајќи дека со поништувањето на помилувањата од претходниот претседател се нарушува владеењето на правото, вклучително и чл. 6 од Конвенцијата, односно дека „одлуките за поништување имале ретроактивно дејство и дека го прекршиле начелото на правна сигурност, вградено и во Уставот на тужената држава и во Конвенцијата“. Судот, одлучувајќи по споените апликации, заклучи дека „конкретните жалбени наводи на апликантите по основ на членот 6 се избрзани и мора да бидат отфрлени согласно членот 35 ст. 1 и 4 од Конвенцијата поради неисцрпување на домашните правни лекови“.[16]

---

[14] Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 163/2016 од 18 ноември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 281/20).
[15] Ibid.
[16] Европски суд за човекови права, втор оддел, Одлука по Апликација бр. 77796/17 Владимир Талески против Северна Македонија и 5 други апликации.

Наведените контроверзии во постојниот Закон за помилување, но и потребата одново да се уреди правниот институт помилување, имајќи предвид дека основниот Закон за помилување е донесен пред триесет години, беа причина Министерството за правда да формира работна група за подготовка на нов Закон за помилување.

**Актуелна законска рамка на помилувањето во РСМ**

Институтот помилување е уреден со Кривичниот законик (КЗМ).[17] Со помилувањето, на поименично определено лице му се дава ослободување од гонење или целосно или делумно ослободување од извршување на казната, му се заменува изречената казна со поблага казна или со алтернативни мерки или му се определува бришење на осудата или му се укинува, односно му се определува пократко времетраење на определена правна последица од осудата или на казната.[18]

Со помилувањето може да се определи укинување или пократко времетраење на овие казни, забрана за вршење професија, дејност или должност, забрана за управување со моторно возило на сторителите што се возачи по занимање и протерување странец од земјата.[19]

Со давањето помилување не се задира во правата на трети лица засновани врз осудата.[20]

Институтот помилување подетално е уреден со одредбите од Законот за помилување, како *lex specialis*.[21] Актуелниот Закон за помилување е донесен во 1993 година, изменет во 2009 и во 2016 година, а измената и дополнувањето на Законот од 2009 година е укината со Одлука на Уставниот суд во 2016 година.

Надлежен орган за давање помилување е Претседателот на Република Македонија.[22] Претседателот на Република Македонија дава помилување на поименично определени лица за кривични дела предвидени со закони на Република Македонија, согласно одредбите на Кривичниот закон и одредбите на Законот за помилување.[23]

Постапката за помилување се поведува по молба на осуденото лице или по службена должност. Во корист на осуденото лице, молба за помилување може да поднесат брачниот другар, роднина по крв во права линија, брат, сестра, посвоител, посвоеник, хранител или старател. Постапката за помилување по службена должност ја поведува министерот за правда.[24]

Постапка за помилување за ослободување од кривично гонење се поведува само по службена должност и може да се поведе во секој стадиум на кривичната постапка. Постапката ја поведува министерот за правда.[25]

---

[17] Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18 и 36/23).

[18] В. член 114 став 1 КЗМ.

[19] В. член 114 став 2 КЗМ.

[20] В. член 115 КЗМ.

[21] Закон за помилување.

[22] В. член 84 став 1 алинеја 10, Устав на Република Македонија.

[23] В. член 1, Закон за помилување.

[24] Ibid. член 2.

[25] Ibid. член 3.

Постапката за помилување е итна.[26]

Молбата за помилување се поднесува до Претседателот на Република Македонија, преку судот што ја изрекол пресудата во прв степен. Кога молбата за помилување е поднесена до друг орган или институција, тие се должни без одлагање да му ја достават на надлежниот суд. Лицето што се наоѓа на издржување казна, молбата за помилување ја упатува до надлежниот суд преку управата на казнено-поправната установа во која ја издржува казната. Казнено-поправната установа во рок од осум дена од приемот на молбата дава извештај за поведението на осуденото лице, односно други податоци што се од значење за решавање на молбата и ја доставува до надлежниот суд. Кога молбата за помилување за лице што ја издржува казната е упатена непосредно до судот, извештајот и податоците веднаш по приемот на молбата тој ќе ги побара од казнено-поправната установа во која лицето ја издржува казната.[27]

Молбата за помилување може да се поднесе по правосилноста на пресудата. Молбата за помилување може повторно да се поднесе по истекот на три месеци од денот на донесената одлука по претходната молба, кога е изречена казна затвор или малолетнички затвор во времетраење до една година по истекот на шест месеци, кога изречената казна е над една до три години, а кога е изречена повисока казна од три години, по истекот на една година.[28]

Судот со решение ја отфрла молбата за помилување поднесена од неовластено лице, односно кога помилувањето е недозволено или кога повторно е поднесена молба за помилување пред истекот на определениот рок. Против решението е дозволена жалба до повисокиот суд во рок од осум дена од доставувањето на решението. Повисокиот суд по жалбата одлучува согласно одредбите на Законот за кривичната постапка, пропишани за жалба против решение.[29]

Во постапката за помилување, судот и другите надлежни органи може да собираат податоци и известувања потребни за решавање по молбата и од други органи и институции. Судот, пред да ја достави молбата за помилување до Министерството за правда, ги проверува фактите и околностите важни за решавање на кои се повикува подносителот во молбата, и извештајот за тоа го приложува кон молбата.[30]

Министерот за правда, по приемот, ги разгледува молбата и другите списи и заедно со својот предлог во рок од 30 дена ги доставува до Претседателот на Република Македонија.[31]

Судот, односно Министерството за правда ја запира постапката за помилување ако осуденото лице ја повлече молбата за помилување, ако ја издржало казната или ако престанала правната последица на осудата или мерката на безбедност.[32]

Кога со помилувања, изречената казна се заменува со условна осуда, соодветно ќе се применуваат одредбите на Кривичниот законик за изрекување условна осуда, нејзиното дејство и отповикување, со тоа што времето на проверување не може да трае повеќе од

[26] Ibid. член 4.
[27] Ibid. член 5.
[28] Ibid. член 6.
[29] Ibid. член 7.
[30] Ibid. член 8.
[31] Ibid. член 9.
[32] Ibid. член 10.

три години и со тоа што кон условната осуда не се одредува заштитен надзор, ниту на условно осудениот му се наложува исполнување посебни обврски.[33]

Кога со помилувањето се определува бришење на осудата, бришењето не е ограничено со видот на кривичното дело, ниту со висината на изречената казна.[34]

**Новиот концепт на помилувањето во РСМ**

Основната цел на Предлог-законот е овозможување јасна и транспарентна постапка за помилување, да ја гарантира правната сигурност на граѓаните и да го штити јавниот интерес во постапката за помилување, односно да се гарантира уставното начело на владеење на правото и еднаквост на граѓаните пред законот.

Со овој Предлог-закон се регулираат видовите помилување, дејството на помилување, лицата овластени за поднесување молба за помилување, како и постапката и актите на надлежните органи во врска со помилувањето.

Една од најзначајните измени е дека Претседателот може да даде помилување само за санкцијата, но не и за кривичното гонење на поименично определени лица.

Мошне значајни се и решенијата со кои е детално разработена постапката за помилување. Во таа насока, предвидени се кратки рокови за секоја од институциите што се вклучени во постапката за помилување. Притоа, клучни се и одредбите за одговорност на лицата што постапуваат по предметите, но и на нивните претпоставени, како и директорите на казнено-поправните установи и на министерот за правда.

Во продолжението од текстот ќе бидат подетално разработени погоре наведените подобрени нормативни решенија предвидени во Предлог-законот.

Па така, согласно новиот Предлог-закон, помилувањето му се дава само на правосилно осуденото лице, и тоа исклучиво по негово барање за целосно или делумно ослободување од издржувањето на казната по правосилна пресуда или за замена на изречената казна со поблага казна според вид и висина или со алтернативна мерка или за замена на алтернативната мерка со друга мерка според вид, или за давање предвремена рехабилитација, укинување или одредување пократко времетраење на правните последици на осудата, како и за укинување или одредување пократко времетраење на мерките за безбедност[35]. На овој начин, практично се опфатени сите видови санкции што може да му бидат изречени на осуденото лице, а истовремено се предвидуваат и сите можности за нивно олеснување преку замена со полесни санкции според вид и висина, или целосно или делумно ослободување од издржување на казната, како и осуденото лице што ја издржало казната или санкцијата да биде предвреме рехабилитирано, со што би се вовел и неговиот статус на неосудувано лице.

Притоа, разбирливо, во случаите кога со помилувањето се заменува изречената казна со поблага според вид и висина или се заменува изречената алтернативна мерка или изречената казна се заменува со условна осуда, Претседателот не може да оди надвор од границите на определување на казните или алтернативните мерки надвор од предвидените со КЗМ. Предвремената рехабилитација, односно нејзините правни

[33] Ibid. член 12.
[34] Ibid. член 13.
[35] Види чл. 3.

последици се, всушност, исти како и со правните последици од рехабилитацијата, односно воспоставувањето на претпоставката за неосудуваност, бришењето на пресудата[36]. Разбирливо, во услови кога Претседателот ќе го помилува осуденото лице во вид на замена на казната со условна осуда, тој не смее да изрече дополнителни обврски во поглед на условната осуда, поради едноставна причина што на овој начин Претседателот, при вршењето на своето уставно овластување, од позицијата на коректив на правдата би се претворил во креатор на санкции, а со самото тоа и би ја презел судската функција.

При донесувањето на одлуката за помилување не се задира во правата на трети лица што се засновани врз пресудата.

Согласно Предлог-законот, помилувањето претставува лично право на осуденото лице и не зависи од видот на кривичното дело за кое е осудено ова лице, ниту, пак, зависи од видот и висината на изречената казна или друга санкција.

Како што наведовме и погоре, постапката за помилување се покренува исклучиво по барање на осуденото лице, односно со поднесување молба за помилување[37], при што, покрај ова лице, во негово име молбата за помилување може да ја поднесе и неговиот бранител, а со писмена изјава на согласност од страна на осуденото лице во негово име може постапката за помилување да ја иницираат и брачниот другар, вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, брат, сестра, посвоител, посвоеник, хранител или старател на осуденото лице. На овој начин, и покрај фактот што постапката за помилување е исклучиво лично право, се проширува кругот на лицата што може со согласност на осуденото лице да ја иницираат постапката за помилување, при што согласноста што осуденото лице им ја дава на изречно наброените лица не треба да биде формализирана од типот заверка на нотар или слично, поради тоа што, едноставно, законодавецот прибегнал кон идејата за проширено толкување на правото на осуденото лице да бара помилување, а не кон непотребно формализирање на молбата, на пример, преку нотарски заверување на изјавите, затоа што ваквиот формален начин во определени случаи би можело да се протолкува како ограничувачки фактор кон правото на осуденото лице да го искористи институтот на помилување.

Дополнително, со Предлог-законот се уредува и рокот во кој може да се поднесе молбата, како и рокот за повторното поднесување на молбата[38], во случај кога претходно поднесената молба за помилување била одбиена. Во оваа насока, причините за утврдувањето на рокот за повторното поднесување на молбата за помилување се од практична природа, со оглед на фактот што сепак целта на казнувањето, како и системот на превоспитување на осудените лица треба да има определена динамика, а со самото тоа да има и определен ефект што би можел да се увиди и да се следи од страна на превоспитните служби во казнено-поправните установи со цел оцена на ефектите од казнувањето и степенот на ресоцијализација на осуденото лице.

Во продолжението од Предлог-законот детално се уредува постапката за помилување во Министерството за правда со разјаснети процесни дејствија и рокови. Имено, осуденото лице, молбата ја поднесува до Министерството за правда, односно во случаите кога ова лице се наоѓа на издржување казна затвор, молбата ја поднесува до

[36] Види чл. 4.
[37] Види чл. 5 и 6.
[38] Види чл. 7.

Министерството преку казнено-поправната установа. Притоа, казнено-поправната установа е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на молбата да приложи и извештај за однесувањето на осуденото лице, заедно со оцена за состојбата на неговото физичко и психичко здравје.[39]

По приемот на молбата со извештајот за однесувањето на осуденото лице од казнено-поправната установа, во рамките на Министерството за правда се врши оцена за тоа дали постојат услови за водење на постапката[40].

Доколку се утврди дека постојат услови за водење на постапката, Министерството се обраќа до казнено-поправната установа до судот што ја изрекол пресудата од судијата што го спроведува извршувањето, од секторот за пробација при Управата за извршување на санкциите, како и од сите други надлежни субјекти, со цел добивање податоци за изготвување извештај за молбата[41]. Во насока на остварување на динамиката на постапката, како и ограничувањето на можноста на институциите да не достават податоци или тие да бидат доставени во неоправдан рок, во Предлог-законот се предвидени прецизни рокови за постапување на секој орган, како и прекршочни одредби со цел санкционирање на државните органи што не постапиле во законски предвидените рокови за исполнување на нивната обврска кон Министерството за правда и кон лицето што ја поднело молбата за помилување.

Согласно ова се предвидува постапката за изготвувањето на извештајот да трае најдолго до 30 дена, а извештајот треба да ги содржи неопходните елементи врз основа на кои Претседателот би можел да донесе соодветна одлука по повод поднесената молба за помилување од страна на осуденото лице.[42] Извештајот за молбата ги содржи сите субјективни и објективни карактеристики на осуденото лице и за стореното кривично дело врз основа на кои би требало да се донесе одлуката за помилување. Па така, согласно Предлог-законот, извештајот се состои од личните податоци за осуденото лице и законскиот назив на кривичното дело, како и податоците за пресудата, обвинението и правосилно изречена санкција. Извештајот задолжително треба да ги содржи и податоците за намалување или замена на санкцијата, како и за евентуалната амнестија или помилување, но и податоците за евентуалниот надоместок на штетата предизвикана со кривичното дело, доколку тие биле пресудени или доколку со пресудата била изречена мерката конфискација или бил одземен имот или имотна корист. Во однос на личните податоци за осуденото лице, во рамките на Извештајот е неопходно да се наведат

---

[39] Види чл. 8.
[40] Види чл. 9.
[41] Види чл. 10.
[42] Во однос на поднесениот Предлог-закон до Собранието, од страна на овластениот предлагач постои определена разлика во однос на финалниот предлог поднесен од Работната група за изготвување на овој Предлог-закон. Имено, во предлогот на Работната група беа предвидени и начините и критериумите за основањето на посебна Комисија во рамките на Министерството за правда во која не би членувал министерот, а би била составена од искусни и признаени професионални лица, кои би го подготвувале Извештајот за помилување и би давале конкретен предлог по поднесената молба за помилување. Сепак, ваквиот предлог на Комисијата не е прифатен од страна на овластениот предлагач на Законот, а наместо тоа, се предлага, согласно погоре образложениот текст, изготвувањето на извештајот да биде во форма на образец и извештајот да биде неутрален во однос на молбата на осуденото лице, односно да биде без препорака на Министерството за правда. На овој начин, Министерството за правда целосно ја задржува единствено улогата на административен координатор и посредувач во постапката за помилување помеѓу молителот – осуденото лице и Претседателот, како надлежен, да го овозможи помилувањето.

податоците за претходната осудуваност или за евентуалните кривични постапки што се во тек против осуденото лице, но и податоци за здравствената состојба на осуденото лице и неговите семејни и лични околности, како и податоците за извршувањето на казната, но и податоци за поведението на осуденото лице во текот на издржувањето на казната.[43] Конечно, особено е значаен делот од Извештајот што се однесува на стручната евалуација за личните својства на осуденото лице, како и стручната процена за склоноста за повторување на кривичното дело и оцената за тоа во која мера извршениот дел на казната влијаел врз осуденото лице во однос на неговата ресоцијализација.

Писмено изготвениот извештај за молбата со списите во форма на посебен образец[44], Министерството е должно да го изработи во рок од 30 дена од приемот на извештајот за молбата. Министерството во овој извештај не изготвува мислење во однос на основаноста и/или прифаќањето на молбата на осуденото лице, односно на каков и да било начин нема можност да влијае врз одлуката на Претседателот на Републиката во однос на молбата за помилување на осуденото лице[45].

Покрај уредувањето на содржината на извештајот и уредувањето на постапката за помилување по поднесената молба, Предлог-законот ја предвидува и обврската на Министерството за правда во секоја календарска година најдоцна до 31 март до Собранието на Република Северна Македонија да доставува извештај за постапувањето на Министерството во однос на примените молби за помилување.

Имајќи предвид дека согласно Уставот, Претседателот на Републиката со сопствен акт ги уредува организацијата и начинот на работење на Кабинетот, односно со Одлуката за организацијата и делокругот на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија е предвидена посебна Комисија како постојано работно тело, која му помага на Претседателот во одлуката за давањето на помилувањето, во овој Предлог-закон не се предвидени дополнителни одредби во врска со начинот на одлучување на Претседателот. Дотолку повеќе, не се предвидуваат рокови или начин на организирање на Комисијата за помилување, ниту, пак, за содржината на одлуката со која Претседателот му дава помилување на поименично лице.

**Заклучок**

Помилувањето е управен акт со кој се задира во судската одлука, па оттука е залагањето за рестриктивна примена на овој институт.

Актот на помилување е уставен прерогатив на Претседателот на Република Северна Македонија, но сепак, Претседателот може да се повика на одговорност доколку постои сомневање дека не е заснован врз државно-правни, туку врз лични (а етички прекорливи политички интереси).

Сите недоследности во примената и злоупотреби на досегашниот Закон за помилување се очекува да се сведат на минимум со донесувањето на новиот предлог на Законот за помилување, чие донесување е врзано со измените на Кривичниот законик во членот 114.

[43] Види чл. 11.
[44] Види ст. 3 од чл. 11.
[45] Види ст. 2 од чл. 11.

Во новиот предлог на Законот се предвидува суштинска измена во смисла на напуштање на аболицијата (ослободување од гонење), односно се предвидува можноста за помилување само лица осудени со правосилна судска пресуда.

Во трудот посебно се истакнуваат предностите на ваквиот концепт, кој ја минимизира можноста за злоупотреби на институтот помилување во политички цели.

Исто така, критички се осврнуваме и на други аспекти што претставуваат новини во предлогот на Законот.

**Користена литература**


Wessels, J., Beulke, W., „Кривично право – општ дел; Кривични дела против личните и заедничките вредности", Скопје, 2009 (наслов на оригиналот: „Strafrecht-Allgemeiner Teil, Die Straftat Und Ihr Aufbau, Heidelberg, München, Landsberg, Berlin, 2008).

Камбовски, В., Тупанчески Н., „Казнено право – посебен дел", петто изменето и дополнето издание, Скопје, 2011.

Камбовски, Владо „Казнено право – општ дел", четврто изменето и дополнето издание, Скопје, 2011.

Каневчев, М.: Кривичен законик, интегрален Текст, со кратки упатства, објаснувања и регистар на поими, Скопје 2015.

Марјановик Ѓ./Каневчев, М. „Кривично право – општ дел", седмо, изменето и дополнето издание, Скопје 2016.

Тупанчески, Никола, „Кривичен законик, интегрален текст, предговор, кратки објаснувања и регистар на поими", Скопје 2017.

**Prof. Dr. Aleksandra Gruevska Drakulevski**[46]
**Prof. Dr. Boban Misoski**[47]
**Prof. Dr. Aleksandar Lj. Spasov**[48]

## THE NEW CONCEPT OF PARDON IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
## (Abstract)

The authors of the paper refer to the new draft Law on Pardon which is a significant reform of pardon in our country.

The current Law on Pardon was adopted in 1993, amended in 2009 and 2016, and the amendments to the Law from 2009 was repealed by a Decision of the Constitutional Court in 2016.

In recent years, the Law on Pardon has been followed by a series of controversies for which proceedings are still pending before the ECtHR.

The new draft law envisages a substantial change in terms of abandonment of abolition (release from prosecution), i.e the possibility of pardon only for persons convicted by a final court judgment.

In the paper, the authors especially emphasize the advantages of such a concept that minimizes the possibility of abuse of the institute of pardon for political purposes.

The authors also critically address other aspects that are novelties in the draft law. The adoption of the new Law on Pardon is inevitably related to amendments to the Criminal Code of Macedonia.

**Keywords:** pardon, abolition, punishment, prosecution, law.

[46] Professor, Ss. Cyril and Methodius, Iustinianus Primus Law Faculty, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk.
[47] Professor, Ss. Cyril and Methodius, Iustinianus Primus Law Faculty, b.misoski@pf.ukim.edu.mk.
[48] Associate Professor, Ss. Cyril and Methodius, Iustinianus Primus Law Faculty, a.spasov@pf.ukim.edu.mk.